ЈЗУ Здравствен дом ,, Академик Проф.Д-р Димитар Арсов " Крива Паланка
ул.Св.Јоаким Осоговски б.б – Крива Паланка
тел: 031 457 - 750
e-mail: jzudimitararsov@yahoo.com

Бр. 04- 527 /1
04/08/2025 година

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници (Службен весник на Република Македонија бр.27/2014,199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016,142/2016, 11/2018 , и ,, Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.275/2019 и 14/2020 , 215/2021 , 99/2022 , 208/2024 и 210/2024 ) , конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција и Предлогот за вработување на кандидат по јавен оглас бр.521/2025 на Агенција за администрација број 10-1212/10 од 01.08 .2025 година и член 30 став 1 точка 13 од Статутот на Јавната здравствена установа Здравствен дом ,, Академик Проф. Д-р Димитар Арсов "Крива Паланка , Директорот ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За избор на кандидат по Јавен оглас бр. 521 /2025 за вработување на административен службеник**

1. За извршител на работното место **Помлад соработник сметководител** , со шифра на работно место **ЗДР 01 02 ВО4 010** , со звање **Помлад соработник сметководител во Административна служба** во Јавната здравствена установа Здравствен дом ,, Академик Проф. Д-р Димитар Арсов "Крива Паланка **се избира кандидатот :**

   - **СИМОНА СТАНОЈЕВСКА** , со идентификациски код **E829B98**

2. Именуваниот кандидат ќе биде вработен на работното место од точка 1 по конечноста на ова Одлука за што ќе биде донесено посебно Решение.
3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување.

**Образложение**

На ден 17.06.2025 година на интернет страницата на Агенцијата за администрација на Република Северна Македонија и во дневните весници Вечер, Слободен печат и Коха објавен е Јавен оглас бр.521/2025 за вработување на административни службеници во Јавната здравствена установа Здравствен дом ,, Академик Проф. Д-р Димитар Арсов "Крива Паланка .

По објавениот Јавен оглас 521/2025 , Директорот на Агенцијата за администрација на Република Северна Македонија донесе Решение за формирање на Комисија за селекција за вработување по Јавен оглас со архивски број 10-1212/5 од 30.06 2025 година.

Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас спроведе административна селекција за административен службеник на ден 07.07 2025 година и донесе Записник од извршената административна селекција за административен службеник со архивски број 10-1212/6 од 07.07. 2025 година.

На ден 24.07.2025 година се спроведе испит за административен службеник и се донесе Записник од спроведениот испит за административен службеник со архивски број 10-1212/8 од 24.07 2025 година

На ден 01.08.2025 година спроведена е проверка на веродстојност на докази и интервју за административен службеник и се донесе Записник од спроведената проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник со архивски бр. 10-1212/9 од 01.08. 2025 година.

Од доставениот Предлог за вработување на кандидати по Јавен оглас број 521 /2025 година со архивски број 10-1212/10 од 01.08. 2025 година и Конечната ранг листа на кандидати од сите фази на селекција за вработување, В.Д.Директорот на Јавната здравствена установа Здравствен дом ,, Академик Проф. Д-р Димитар Арсов “Крива Паланка изврши избор како што гласи во диспозитивот на оваа Одлука.

***ПРАВНА ПОУКА***:*Против Одлуката незадоволниот кандидат има право во рок од* ***осум(8) дена*** *да поднесе Жалба до Агенцијата за администрација од денот на објавувањето на Одлуката на веб страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација на Република Северна Македонија.*

**ЈЗУ Здравствен дом**
**,, Академик Проф. Д-р Димитар Арсов” Крива Паланка**
**В.Д.Директор**
**Јоско Стефановски**

Доставено до :
*Архива;
*Агенција за администрација на РСМ;
*Кандидатот;